**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 декември 2017 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Македонија: ноември 2017 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])** во ноември забележа месечен раст од 0,7%, идентичен како и претходниот месец, главно под влијание на зголемувањето на депозитните пари[2], долгорочните, а во помал обем и на краткорочните депозити, наспроти намалувањето кај готовите пари во оптек. На годишна основа, кај паричната маса е евидентиран раст од 5,9%, со најголем придонес во растот на депозитните пари и долгорочните депозити, при помал придонес на готовите пари во оптек и краткорочните депозити.

– Во ноември, **вкупните депозити** остварија месечна и годишна стапка на раст од 0,9% и 5,7%, соодветно, при депозитен раст кај двата сектора. Притоа, месечниот и годишниот раст во поголем дел се резултат на растот на депозитите на домаќинствата.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 | 10.2017 | 11.2017 |
| **Парична маса М4** | **351,222** | **344,729** | **347,157** | **350,513** | **352,854** | **355,448** | **6.1** | **4.2** | **7.8** | **6.4** | **6.2** | **5.9** | **0.7** | **0.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 28,968 | 28,008 | 27,609 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 9.9 | 7.0 | 6.6 | -3.3 | -1.4 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **320,952** | **324,344** | **327,153** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **6.0** | **6.1** | **5.7** | **1.1** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 80,304 | 83,099 | 83,995 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 5.6 | 7.2 | 5.0 | 3.5 | 1.1 |
| Домаќинства | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 221,570 | 222,364 | 223,684 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.6 | 5.3 | 5.4 | 0.4 | 0.6 |
| **Вкупни кредити** | **282,461** | **280,157** | **286,408** | **286,950** | **287,322** | **289,912** | **0.9** | **0.0** | **4.4** | **4.3** | **4.8** | **5.6** | **0.1** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 151,905 | 146,851 | 149,179 | 146,764 | 146,449 | 147,670 | -3.8 | -5.2 | 0.0 | -0.5 | 0.9 | 1.9 | -0.2 | 0.8 |
| Домаќинства | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 138,951 | 139,632 | 141,023 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 9.8 | 9.3 | 9.7 | 0.5 | 1.0 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

– **Вкупните кредити** во текот на ноември бележат месечно зголемување од 0,9% со речиси еднаков придонес на двата сектора во растот. Анализирано на годишна основа, стапката на кредитен раст забрза и овој месец изнесува 5,6%. Притоа, годишниот раст во најголем дел е детерминиран од растот на кредитирањето на секторот „домаќинства" (81,2%).

---

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[3]




Извор: НБРМ.

- Во ноември, кај вкупните **депозити на корпоративниот сектор** е регистриран месечен и годишен раст од 1,1% и 5,0%, соодветно. Воедно, депозитните пари се главната детерминанта на растот на месечна и годишна основа, со учество од 79,9% и 89,8%, соодветно.

- Вкупните **кредити на корпоративниот сектор** овој месец забележаа нагорна месечна и годишна промена од 0,8% и 1,9%, соодветно. Притоа, зголемената кредитна активност и на месечна и на годишна основа во целост се објаснува со растот на денарското кредитирање, при намалување на девизното кредитирање.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[4]




Извор: НБРМ.

- Во текот на ноември, кај вкупните **депозити на домаќинствата** е евидентиран месечен и годишен раст од 0,6% и 5,4%, соодветно. Од аспект на структурата, депозитните пари, како и девизните краткорочни и долгорочни депозити, имаат најголем придонес во растот.

- Кај вкупните **кредити на домаќинствата** овој месец е регистрирано месечно и годишно зголемување од 1,0% и 9,7%, соодветно, кое во најголем дел произлегува од растот на денарските кредити (придонес кон растот од 96,3% и 89,2%, соодветно).

---

[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

## Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 | 12.2016[1] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 | 10.2017 | 11.2017 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 71,068 | 71,215 | 71,863 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 11.9 | 11.3 | 11.2 | 0.2 | 0.9 |
| Станбени кредити | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,788 | 38,268 | 39,039 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 14.1 | 13.7 | 15.0 | 1.3 | 2.0 |
| Автомобилски кредити | 323 | 309 | 307 | 308 | 311 | 312 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -5.2 | -5.6 | -4.0 | 1.0 | 0.4 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,341 | 12,379 | 12,402 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -1.0 | -1.0 | -0.7 | 0.3 | 0.2 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,510 | 6,627 | 6,606 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 3.7 | 3.5 | 2.6 | 1.8 | -0.3 |
| Други кредити | 4,585 | 4,560 | 4,630 | 4,578 | 4,541 | 4,597 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 0.5 | 0.2 | 1.0 | -0.8 | 1.2 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

- Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во ноември, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити** е забележана нагорна месечна промена од 0,9% и 2,0%, соодветно, која на годишно ниво изнесува 11,2% и 15,0%, соодветно. Овој месец кај **автомобилските кредити** и кредитите одобрени на **кредитни картички** е евидентиран месечен раст од 0,4% и 0,2%, соодветно, во услови на годишно намалување кај двете категории, за 4,0% и 0,7%, соодветно. Натаму, во текот на ноември, **негативните салда на тековните сметки** бележат месечно намалување од 0,3%, наспроти годишниот раст од 2,6%, додека кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечен и годишен раст од 1,2% и 1,0%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Монетарни движења во Република Македонија: 18 јануари 2018 година (референтен пресек заклучно со декември 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).